БИАТЕН Бр. 3

# 44.

# МАКЕДОНСКИ ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ

# "ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ"

# ПРИЛЕП




05 - 11 ЈУНИ 2009

# О Г Л Е Д А Л О Т О   Н А   Ж И В О Т О Т

*- Фестивалот "Којдан Чернодрински" во Прилеп е таков какви што се театрите во Македонија, каков што е тој тренд на развојот на театрот во Македонија. Според тоа, селекторот се трудел и успеал да го одбере она што е најдобро од театрите во Македонија и да го донесе во Прилеп. Сакам да речам дека она што овде ни се случува е верна слика на она што претставува развој на театрот во Македонија.*

*Е, сега што би требало и како би требало за да се направи повеќе? Мислам дека тоа е еден голем проблем. Имаме такви театарски, режисерски и авторски сили како што никогаш не сме имале.Не знам дали доволно се стремат, дали има некоја сила системска која ќе го исфрла на предна линија квалитетот и најдоброто?! Театарот на некој начин е огледало на она што се случува во животот.*

*Луѓето во театарот не можат да живеат од она што го добиваат во театарот. Затоа, мораат или принудени се да одат надвор од театарот. Е, сега штом одат надвор од театарот, имаме проблем - човек поделен на две не може да просперира, не може да го биде…Значи, театарот бара цел човек како што бара секоја наука, секое производство, ако можам така да кажам. Е, додека не се најдат тие економски  чинители  кои што ќе го стимулираат и наградуваат квалитетот, а ќе го обескуражуваат неквалитетот да се тргне од патеката на театарот, дотогаш ќе ни се случуваат вакви работи и ќе имаме ваков театар.*

*РИСТО  СТЕФАНОВСКИ,*
*театролог*

**Венко Андоновски,** драмски писател

# ДОМАШНАТА ДРАМАТУРГИЈА НЕ СЕ СТИМУЛИРА

Проверен автор, читан. Драмите му се поставуваат на театарската сцена. Доживуваат успех. Последната претстава работена според негов текст,, Кинегонда, во Карлаленд,, поставена во Драмски театар. , која и прилепската публика имаше можност да ја види на ова издание на Фестивалот “Војдан Ченродрински”

***Каква ни е состојбата во македонската драматургија. Имаме ли криза или напредок?***

- Секогаш кога имаме кризи, во драматургијата мислам дека имаме и напредок. Многу сме интересни во тој поглед, затоа што кога ќе пропадне текстот или драматуршката предлошка, секогаш доаѓаат млади, нови режисер со нов пристап. Или обратно кога има добри текстови се случува да имаме лоши режии, да се уништат текстовите. Гледано во целина, на ова издание на Фестивалот,, Војдан Черндорински,, можеби нема ништо ново. Фактички ние како да “стоиме во едно фино место”, Но очигледно тоа не е така. Колегите од соседството не сметаат дека сме први на Балканот. Од ова произлегува дека ние немаме сенс дали се движиме напред или одиме назад. Тоа го чувствуваме само кога ќе поставиме текст од друг автор. Тогаш гледаме до каде сме. Мислам, дека одиме напред со малку поблаги чекори, но не назадуваме. Никогаш не се случило да бидеме под нивото, особено на театарскиот фестивал,,Војдан Чернодрински,,

***Колку во државата има сенс и дали има за поддршка на домашната драматургија?***

- Одговорот е негативен. Многу слабо се поддржува домашната драматургија, иако на сите нам устите ни се полни со тоа дека МТФ е Фестивал на домашната драма. Еве земете ме мене за пример. Имам 45 години. Ако овде доаѓам како помлад автор, тогаш нешто сероозно зборува дека нешто не е во ред . Има млади луѓе кои сакаат да ги изместат другите од нивните ,,позиции, што секако не пријатно за никого. Впрочев еве моето присуство на фестивалот не е клучно да се појават млади луѓе. Она што сакам да потенцираме е дека системски не им се дава рака на младите драматурзи, режисери во државата. Ова е сериозно прашања за секоја држава. Треба да си го постави и да го реши.

***Како може да се реши проблемот?***

- На многу едноставен начин. Да се формира група на луѓе од мојата генерација, коај ќе биде задолжена да најде по еден драмски текст или режисер или по еден актер. Да ги предложи до Министерството за култура, да работат



на ова прашање. Така ќе се отворат вратите за младите. Не очекувам козјнае колкави резултати од оваа моја идеја, но сепак сметам дека така ќе се откријат нови таленти. Многу малку водиме грижа за луѓето кои се тука околу нас.

***Професор сте. На што ги учите младите студенти?***

- Ги учам на една многу важна работа. Да не ме почитуваат толку. Откако ќе ги дадат одговорите на испит, откако ќе излезат веднаш да го заборават тоа што јас им го кажувам. Да тргнат по свој пат.

***Што е ново што ќе произлезе од Вашето перо?***

- Моментно пишувам краток драмски текст од околу 60 минути, камерен за 4-5 ликови. Пишувам и роман кој треба да ме потврди по претходниот,, Вештица,,. Се работи за драмски текст кој се случува во дом за стари лица кои немаат семејство. Двајцата се одземени во нозете. Ни едниот ни другиот не си го имаат видено лицето. На крајот доаѓа препознавањето. Тоа е суштината на текстот. Романот ќе биде посветен на Тоше Проески. Се однесува на судбината на еден млад човек, а не на неговата биографија. Тоше е земен како млад, позитивен лик. Сметам дека доста беше профитирање од неговиот лик. Пишувам дека е штета млад човек рано да не напушти, а  можел да даде многу повеќе. Нормално, преовладува оптимистичката варијанта.

## Гледавме . . .

Турски театар - Скопје
**“СИЈАХ КАЛЕМ”** од Илхами Емин и Јордан Плевнеш
Режија:Владо Цветановски
Костимографија: Благој Мицевски
Сценографија:Нурулах Тунџер
Музика: Џенгиз Ибрахим
Арт дизајн: Владо Ѓоревски- Рафик
Играат:Елјеса Касо,осман Али несрин Таир, Зубејде Селимовска, Филиз Ахмет, Сузан Акбелге, Билјана Јовановска, Џенал Самет Аксел Мехмет, Мустафа Јашар, Салаетин Билал, Бурханетин Ибрахим, Бедија Беговска, Береда Решит, Џијат Решит, Танер Сулејман.



## Претставата . . .

Со ликот на Сијах Калем, турскиот сликар,  се поврзува слободата на духот. А тој дух и мисла доаѓаат од 15 век и може да се нарече чудо. Затоа што пред петстотини и повеќе години само исклучителните умови и творци можеле да прават исчекори пред своето време, оставајќи неизбришливи сведоштва не

само за времето во кое што живеле, туку и за сите времиња и поколенија на единствената светска цивилизација. Цртежите на Сијах Калем кој од Топ-Капи Сарајот во Истанбул и сите дервишки теќиња што ја разнесувале поезијата на суфизмот со Јонуз Емре, Хаџи Вели Бекташ и духот на Мехмед Улусој, патувале под будното око од различни европски полиции, завршувајќи со модерниот интерпол, стигнале дури и во Македонија. Претставата за мистериозниот турски сликар е како слика. Полна со бои, визуелизации и аудио доживувања за публиката која е во центарот на дејствието.

● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ●

**Владо Цветановски,** режисер: "Сијах Калем" беше еден долг процес на средби меѓу Јордан Плевнеш и Илхами Емин. На неколку од тие средби присуствував и јас. Тие постојано раскажуваа приказни. И тоа од минатите векови. Еднаш, пред четири години им реков да ги составиме тие приказни. Тие почнаа да пишуваат И на крајот се создаде текстот за еден еретички сликар во исламот кој не смее да слика фигуре, а тој слика шамани, демони… Тој ја носи болката на творештвото. Затоа е ова свет на слики. И бидејќи работиме претстава за Алах кој имал 99 имиња, затоа има 99 столчиња за публиката. И секоја влезница си има име. Задоволен сум од приемот на публиката иако за повеќето јазикот не е познат.

**Елјеса Касо,** актер: Самиот проблем со Сијах Калем сите нас многу нé возбуди што беше посебо откривање. Многу малку се знае во светот и во Република Турција за него. Некои информации стигнаа дури осумдесеттите години од минатиот век. Дознаваме дека се откриени 20ина негови слики. Низ претставата ние историски малку шетаме. Од 13. па се до 20. Век. Доказ за тоа е и народната песна со која ја почнуваме и ја завршуваме претставата. Таа значи: Патувам дење и ноќе. Цело време патуваме низ историјата. Прекрасно беше да се гради претставата. Учествува речиси целиот ансамбл на турскиот театар. И младите актери, па и студентите од ФДУ. Овој спој се покажа многу драгоцен.

**Мустафа Јашар,** актер:Претставата во Прилеп помина во одлична атмосфера. Прилепската публика со особено внимание не следи. Во ова претстава се случува чудо: таа е толку разбирлива иако говориме на турски јазик. Наградата беше со громогласен аплауз што ми е особено мило.

**Бедија Беговска,** актер: Одамна не сум била во Прилеп. Го доживувам како втор роден град. Среќна сум поради нашата претстава како е примена од публиката. Ја потврдува онаа теза дека една слика зборува повеќе од 1000 зборови. Целата наша претстава се слики кои многу зборуваат. Некој рече дека добро е што нема превод. Тоа само би му пречело на вистинското уметничко доживување на овој проект. Не вема дека не е релевантен текстот. Но многу се поважни сликите кои треба да се доживеат.

Салаетин Билал, актер: Имав чувство дека ние актерите со публиката комуницираме како целина. Значи, театарскиот јазик е на преден план. Тоа ми причини посебно задоволство. Прилепската публика знае да оцени и процени.

## П у б л и к а т а . . .

- Посебно задоволство беше претставата. Да се видат сите тие слики, бои, многу необично.
- Цело време се вртев на столчето. Гледав на сите страни. Многу убаво играа. Па она со сликите што ги направија на почетокот ме воодоошеви.
- Многу убаво. Ми беше жал што И текстот не го разбирам За да ја пополнам целата слика. Во секој случај интересно.

# Г л е д а в м е . . .




Центар за култура "Трајко Прокопиев"- Театар Куманово
**"ТЕТОВИРАНИ ДУШИ"** од Горан Стефановски
Режија: Јани Бојаџи
Костимографија: Јани Бојаџи
Дизајн: Тихомир Спировски
Музика:Горан Трајкоски
Играат: Роберт Вељановски, Владо Јовановски, Драгиша Димитријевски, Љубица Гојковиќ, Горан Илиќ, Александра Пешевска, Вера Ристовска, Кети Дончевска Илиќ, Љупчо Хаџи-Стојанов, Ивица Димитријевиќ, Весна Ѓутковска.

# П р е т с т а в а т а . . .

"Тетовираните души" како историска судбина на македонскиот народ, расфрлан како камен-белутрак низ светот,е текст кој секогаш, одново и одново, потсетува на суровоста на животот на нашинците кои се обидуваат да го отсонуваат америкнскиот сон.Силната порака што во себе ја носи текстот, со доста жар и професионално, кумановскиот театарски ансамбл, преку суптилната актерска игра, успешно "зачинета" со амбиенталната поставеност на сцената и внимателно избраната музика, успеа на многу сликовит начин да и ја пренесе на публиката.Лузните од тетоважите на душите, никогаш не сраснуваат, туку оставаат белези кои секогаш потсетуваат на она: кои сме, што сме и од каде сме. Загубените души во туѓата земја, постојано талкаат по својот на моменти прашален идентитет, поставувајќи си притоа низа соменжи, но и оправдувања, зошто се таму каде што се и дали навистина, се мора така да биде.....

● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ●

**Роберт Вељановски,** актер: Премногу сум задоволен од вечерашната изведба. Вечерва добивме повеќе аплаузи од сите досегашни десетина изведби кои ги имавме. Претставата вечерва зрачеше со некоја префинетост и нормалност и доби многу убав квалитет. Јас по природа сум перфекционист, и затоа ќе речам дека не сум целосно задоволен од мојата изведба на улагота, бидејќи сметам дека секогаш може да биде уште подобро.

**Владо Јовановски,** актер: Претставата, според мене предизвика општа радост кај прилепската публика. Се чувствувам многу убаво, иако бев уморен бидејќи од друга проба директно дојдов на претстава. Посакувам Фестивалот да преживее долги, долги години и да помогне во осознавањето и фиксирањето на македонскиот идентитет афирмирајќи домашни автори кои имаат вредни дела кои ќе бидат изведувани на општа радост на сите.

## П у б л и к а т а . . .

- Кумановскиот театар направил добра театарска изведба на прекрасниот текст на Горан Стефановски. И режисерски мислам дека беше добро осмислена, макар што мислам дека малку предолго траеше.
- Солидно сработена претстава. Искрено,очекував нешто повеќе, но и вака беше добра. Од актерската игра можеше да се забележи дека се работи за актери-професионалци кои умеат да владеат со сцената, но и успешно да ја водат приказната.
- "Тетовирани души", како претстава сакам секогаш да ја гледам, независно кој ја изведува. Овој пат, мислам дека можеби имаше мали пропусти, да не речам осакатувања, но во целина, задоволително.

## Придружна програма



Културен центар Скрб и утеха и Народен театар од Велес.
**"ЧЕРНОДРИНСКИ ЕКСПРЕС"** од Тихомир Стојановски
Режија: Јордан Витанов
Играат: Тихомир Стојаноски, Јордан Витанов, Едмонд Сотир, Драшко Милошески и Слободанка Чичевска

## П р е т с т а в а т а . . .

Посебен миг за вистината за театарот и Македонија. Се учи и разбира поинаку македонската историја видени низ текстот и режијата на двајца од актерите, низ биографијата на Војдан Чернодрински. Режисерот инвентивно го пренел македонското минато од Филипа, преку Самоила, Чернодрински до денешнината, за земјата каде се крадат шините на историскиот европејски воз, кој никогаш не застанува и доцни столетија.

**Јордан Витанов,** режисер и актер: - Воодушевен сум од публиката, која, иако млада, покажа високо чувство за препознавање на театарски вредности. Се чувствувам прекрасно. Контактот со публиката, во која ретко можеш да се најде повозрасен човек, беше незаборавен. Кусо, вистинска театарска публика. Среќен би бил кога сите претстави би ги следела ваква публика. “Скрб и утеха” нема класична сцена, нема италијанка. Обично играме во амбиентални простори, во манастири, училишта, библиотеки. Овде игравме друга претстава лани. Имавме многу пријатно искуство. Сега доживеавме уште едно воодушевување.

**Тихомир Стојаноски,** актер: - Нашите претстави се отворен систем со позитивна енергија. Публиката реагира, било да играме во места каде има театар или каде ретко гостува театар, особено кај Македонците во Пирин, Мала Преспа, Гора, Голо Брдо. Текстовите ги создавам да пренесам она што му се случува на нашиот народ. Се прекршуваат историски ликови со состојби, а публиката ги препознава и игра заедно.

**Слободанка Чичевска,** актер: - Прекрасен беше контактот со публиката. Добивме уште едно искуство со прилепската публика, по ланското културно лето со Сердарот на истата сцена покрај црквата “Свети Никола” во Варош. Мило ми е што сме блиску до публиката. Подобра е оваа близина, отколку дистанцата на класичната сцена.

## Г л е д а в м е . . .




НУ Народен театар - Битола
**" ЦРНА СЕ ЧУМА ЗАДАДЕ"**, Владимир Милчин, Марјан Неќак
Режија: Владимир Милчин
Сценографија: Крсте С. Цидров
Костимографија: Марија Пупучевска
Музика: Марјан Неќак
Светло: Димче Спасевски
Играат: Елјеса Маја Андоновска, Катерина Аневска, Петар Горко, Валентина Грамосли, Радојка Димеска, Марјан Ѓоргиевски, Иван Јерчиќ, Васко Мавровски, Мартин Мирчески, Филип Мирчески, Соња Михајлова, Никола Пројчевски, Викторија Степановска, Јулијана Стефанова, Александар Стефаносвки, Илина Чоревска.

## П р е т с т а в а т а . . .

Камерна претстава во која публиката ја чувствува тежината, присуството и потребата да се избега, избегне односно победи црната чума која едноставно треба да е тука, тука е или пак ќе не стигне. Масовен настап на актерите, без прецизна поделеност на улогите, без издиференцираност која всушност и ја прави таа тежина, измачување. Судбините, случките и бремето на своите преќи ја носат чумата. Претстава за тежина, морничавост...за чумата. Едноставно, претстава со многу музика. А за да се победи чумата треба желба, умешност која битолските актери совршено ја претставија на сцената... А чумата е тука околу нас, и може секого да стигне...

• • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • •

**Марјан Нечак,** коавтор и музика: Како што се гледа, на самиот наслов на претставта Владимир Милчин и Марјан Нечак, стои, значи се јавувам како коавтор. Овој вид претстава е сценска пасија, се подразбира дека е тоа претстава со музика и претстава која говори за некакво страдание кое се случувало и може да ни се случи, и не дај боже, да ни се случи. Музиката е еден од сегментите кои што се двигател на оваа претстава.

**Петар Горко,** актер: Оваа наша чума беше бурата во театарот, фактички чумата во нашиот театар која ја избркавме со уметност, со работа, со професионалност. Се надевам дека на цела Македонија и на цел свет каде што сме биле ќе докажеме дека повторно битолскиот театар е оној вистинскиот кој секогаш правел добри претстави, а публиката уживала кога ги гледала.

**Соња Михајлова,** актер: Фантастично сум задоволна од реакцијата на публиката која беше одлична, а задоволна сум и од тоа

како се презентиравме и како ни одеше претставата од целокупната енергија која вечерва ја почувствувавме од оваа страна , односно меѓу актерите. Мислам дека ова е претстава која длабоко кореспондира со сите нас, не само професионално како актери, туку и со емоциите со секој од публиката и мислам дека тоа заедничко кореспондирање беше исходот на оваа вечер и оваа претстава.

**Соња Ошавкова,** актер: Чумата се брка со добро пеење, а мислам дека сите во битолски театар знаат добро да пеат, затоа имаме ваков проект. Големо беше задоволството да се учествува во ваков проект, кој ретко се прави кај нас. Со Милчин и Нечак беше задоволство да се работи. Милчин е наш предагог уште од факултет и такво беше и работењето во текот на самата претстава.

## Публиката . . .

- Ме изморирија погфледите, темните подочници, тие тешки погледи. Едноставно многу сликовито беше претстваено страданието кое го носи чумата.
- Супер, мене ми се допадна претствата, ја убивме црната чума...
- Уживавц во секој испеан стих н апретставата, а песната и музиката беа тие кои ми оставија впежаток... Глумците покажаа дека знаат да пеат.
- Ми се допадна целата копозиција на многуте актери кои се на сцената и нивниот однос.

## Гледавме . . .

НУЦК "Ацо Шопов" Театар- Штип
**"ГЛОГОВИОТ ЏБУН"** од Братислав Димитров
Режија: Стојан Стојановски
Сценографија, музика: Стојан Стојановски
Костимографија: Невенка Тасева- Петровиќ
Ликовно обликување: Боро Матевски
Играат: Јордан Витанов, Рујиш Беговска, Владимир Тулиев, Пеце Рисревски, Крсте Јовановски, Миле Вратеовски, Миланчо Ѓеорѓиев- Роне, Виктор Арев, Методи Басаровски, Душко Стојановиќ, Викторија Јованова.




## Претставата . . .

Интересна сага за апсурдите на животот. Додека од една страна едните интензивно трагаат по својот животен сопатник, и спасот од личната морална и емотивна криза го гледаат во мажачката односно женачката, другите секојдневно умираат не срамејќи се воопшто што толку долго живеат. Сиот тој сублимат од апсурдни состојби и ситуации, пак, создава

своевидно лудило и раздор во семејството во кое никој никого не може да поднесува и секој гледа да избега од тој маѓепсан круг во кој ништо ново и убаво како да не се случува.Единствен заеднички интерес на сите е она малку наследство кое никој не знае на кого би можело да му припадне од што пак, настанува нова експлозија од расправии и секојдневни кавги меѓи браќата, сестрата, таткото, чичкото, внукот...Лудилото и апсурдот одат до таму што се настојува дури и погребалната опреема да се купи пред време, за да се начека по "стара", поевтина цена...

• • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • •

**Братислав Димитров**, автор: "Глоговиот џбун" е мој прв драмски текст и може да се сведе под терминот- гревови од младоста. Морам да бидам искрен и да кажам дека уште тогаш имав драматуршки забелешки на текстот, кој во меѓувреме се зголемија. Но, сепак, од друга страна, би бил нескромен ако не кажам дека среќен сум што текстот опстои толку години и "издржа" смена на два различни системи (контексти) и....преживеа!!! Навистина, текстот е мој, но, за неговото "живеење", за неговото опстојување, мислам дека, сепак, најзаслужни се актерите, режисерот и сите останати "соработници" во претставата кои со себевградување, му даваат нов пулс и ритам на она што се родило пред повеќе години...

**Јордан Витанов**, актер: -Апсолутно сум задоволен од она што го направивме вечерва. Ова можеби е најдобрата изведба што досега сме ја имале, а претствата сме ја играле барем десет пати.Овде мотивацијата е огромна, бидејќи, сепак, се работи за фестивалско прикажување, но тоа нема никакво значење доколку претставата нема никакви вредности, она што се вели од мајка.Според мој вкус, солидно сработено, имаше одлични актерски остварувања, прекрасен текст, убава режија…значи, се на се една високо професионална претстава со огромен трагизам во себе и апсурдно смешни сируации…

**Рујиш Беговска,** актер: - Задоволна сум премногу, имавме една убава претстава, одлично бевме примени од публиката во Прилеп која знае да процени што е добро и да награди, но и да казни.Неретко се добиваат вакви улоги (Стојна), со режисерот Стојановски долго немав работено,но, еве, по 15 години доживувам прекрасно чусвство, со прекрасна улога и преубав текст во извонредна претстава.

## П у б л и к а т а . . .

- Интересно спакувана претстава. Меѓутоа, поради тоа што не ми е читан оригиналниот текст, не можам да бидам сигурна дали тоа беше тоа што требаше да биде, иако, знам дека актерската игра во театарските претстави можеби е побитна…таа треба да ја направи нарацијата. Во овој случај мислам дека солидно беше постигнато тоа.
- Освен што мислам дека претставата траеше подолго од потребното, друга забелешка немам. Пораката што во себе ја носи драмскот текст, актерите од штипскиот театар доста успешно ја презентираа, имаше јасна и блиска мисла на што и публиката соодветно реагираше.
- Не велам дека напати не почувствував замор од одредени реплики, не велам дека се беше совршено, но, велам дека "Глоговиот џбун" вечерва имаше една квалитетна изведба.

## Придружна програма

**"ВАКА, ВАКА И ВАКА"**

Испитна претстава на студентите од втора година во класата на професорот Владо Цветановски и Мими Таневска на Факултетот за драмски уметности во Скопје

Играа: Ана Кафкалевска, Кристина Алатовска, Христијан Светиев, Слаѓана Вујошевиќ, Катерина Чакмакоска, Катерина Аневска, Наташа Петковиќ, Мирослав Петовиќ, Атанас Атанасовски, Тина Трпковска, Марија Атанасовска, Ненад Митевски



## Претставата . . .

Студентите од ФДУ-Скопје направија вистинско шоу. Предизвикаа овации кај публиката. Испитната претстава ја возбуди, ја смееше публиката од умешното совладување на наставното градиво на Факултетот. Изведбата на групните, дуо и поединечни игри на сите студенти, гестовите, мимиките, акробатските изведби, па и песната, покажаа дека на македонскиот театар му доаѓа светла перспектива.

Прилепската главно млада публика на полноќ препозна квалитет. Во неколку наврати, на отворена сцена, студентите ги наградуваше со овации и аплаузи.

**Ана Кафкалеска,** актер: - Публиката со аплаузите не изненади. Не знаевме како да реагираме. Сепак, не попречи во концепцијата да ја одиграме преставата како што ја подготвуваме и учевме, како што добиваме инструкции од професорите. Воодушевена сум од публиката од градот на моите родители.

## ЗАД СЦЕНАТА



**И БЕЗ НИВ НЕМА ПРЕТСТАВИ НА СЦЕНА**

Тие се постојано тука иако никој не ги гледа. Владимир, Сашо Смоква, Џанго, Јане, Роберт, Ико…Вредно работат зад кулисите од утро до вечер. За нив е најбитно да нема никаков проблем на сцената, со реквизитите, со целокупниот впечаток за претставата. Тие се момчињата што вредно помагаат да се постават и да се растурат сцените по претставата. Ги затекнавме на пауза во бифето. Да одморат, да се освежат и пак на работа.

-Работиме од 8 до 24 часот. Ние сме мобилна екипа нон-стоп. За брза интервенција. Нема никакви проблеми. Се се решава веднаш. Помагаме во декорот на секој театар, Товар-истовар за сцената, околу чиги, суфити, се… Сите потребни работи.

Има многу случки кога се работи. Но се е под контрола.

Трибина: **"ТЕАТАРОТ ВО СЛУЖБА НА ДРАМСКАТА УМЕТНОСТ ИЛИ НА ЕСТРАДАТА"**

# ВО ТЕАТАРОТ - УМЕТНОСТА ПРЕД СЕ

- Едно театарско дело има помагала, бастунчиња кои му помагаат да се движи ( како што е музиката…) Но кога се употребуваат за спасување, тогаш театарското дело, според мое мислење, влегува во еден хоризонт на "шанташ" и ја губи својата автентичност. А во последно време зафаќа некоја мода. Вака ја воведе темата **"Театарот во служба на драмската уметност или на естрадата"**, претседателот на советот на фестивалот **Петар Темелковски**.

Модераторот, авторот **Трајче Кацаров** во својот воведен текст се обиде да ја доближи темата.

- Театарот денес живее во ерата на современата технологија, електронските медиуми, масовната комуникација . . . Сето дејствува офанзивно во насока на создавање на погодности, удобности без кои не може да се замисли современиот живот. Како се одразуваат на уметничкиот израз? Едноставно, не го плашат туку го нагонуваат да ги почитува нивните принципи.

Кацаров меѓу другото во своето излагање дали за нашиот театар можеме да кажеме дека е стар и излитен. - Она што во последно време се случува во нашиот театар е толк,у тешко да се дефинира колку што и времето . . . За да ја појасниме ситуацијата во која се наоѓа нашиот театар ќе поставиме неколку прашања: Дали театарот кај нас е автентичен пат за самоизразување на творците?; Дали е критично настроен кон државата?; Дали се јавува како празен гест или во него има некоја содржина?; Знаат ли творците и проследувачите на нивните дела што е тоа театар и за што служи?; Сакаат ли творците преку методите на Станиславски да ја имитираат реалност?; Сакаат ли, користејќи ги методите на Арто да ја фасцинираат публиката?; Потребен ли е зборот во театарот и актерската игра или треба да се заснова само на визуелни ефекти и шум, истакна Кацаров за веднаш потоа да додаде дека претставите со кои располагаат нашите државни театри зборуваат дека ниту една не може да се испочита како одговор на поставените прашања. Според Кацаров тоа е така зошто во подготовките творците се користат со приучени средства од психолошкиот театар на





Стаиславски, Стразбер, Михаил Чехо, од лабораторискиот на Гротовски и на Бруг, па се до оној на Вилсон и слични на него и затоа што претставите се далеку од чистиот жанр. Се повеќе се јавуваат како хибриди кои целосно или делумно се потчинети на принципите на техничките средства кои пак немилосрдно го убиваат зборот, т.е. дијалогот, т.е. дејствието, т.е. драмата, т.е. ликовите.

Според **Русомир Богдановски** со воведот не е објаснето што е тоа што влегува во театарот и што не чини. За темата не е дообјаснето што се подразбира како естрада.

За писателот **Митко Маџунков** вистинската уметност е анонимна иако ние сакаме да биде јавна.

- Нејзината суштина е да биде анонимна. Вистинската рецепција на уметноста се доживува кога човекот е сам. Театарот е јавна дејност и мора да се биде во некоја сала. Но и во таа сала си, на некој начин, сам. Ама ние за тоа сакаме да се знае. Да биде разгласено, да има телевизии, радио. Комерцијализацијата на уметноста е срамот за неа.

Според **Петар Темелковски** есенцијално е дали со погрешното вклучување на помагалата на естрадата во театарот се предизвикува инсуфициенција. Дали со тоа, она што е убаво во нас ќе стане мртво?

За **Трајче Кацаров** се она што е надвор од словот и од актерот , а се вметнува во театарот, е естрада.

На трибината **Роберт Вељановски** истакна: - Театарот гледано историски секогаш се допирал до естрадата. Сметам дека уметноста подразбира еден вид монаштво. Големата наука исто така, како посветеност пред сé. Од друга страна, сите сакаме да бидеме големи уметници, а впрочем да живееме од тоа. Гротовски си ги собрал парталите и заминал во село да прави театар. Имал определена посветеност и ништо повеќе не го интересирало.

По професија сум актер, ама не сме имуни на комерцијализираноста. И актерот мора да заработи за леб. Затоа е тешко да се направи паралела дали театарот е во служба на драмската уметност или на естрадата, односно колку таа навлегува во денешниот театар. Државни театари има насекаде и ќе ги има, но има и други. Театарот е живот. Се раѓа во 7.30 а умира во 10 часот.

**Игор Трпчески** рече: - Сметам дека добро е да се вадат пари за нашиот труд како актери, но тоа да биде со уметнички видувања . . . Театарот троши пари, не може секогаш финансиски да издржи, затоа е финансиран од државата . . . Сметам дека напредокот не е на штета на уметноста. Може само да оди напред ако се користат правилно изразните средства . . . Театарот можеби може да суштествува и без збор, но да биде театар.

Љубомир ГРУЕВСКИ
ЗА МТФ



Без да фаворизирам било кое театарско случување во нашата убава татковина ( на благородни и даровити луѓе) и без да правам некое степенување, на штета на останатите театарски фестивали, неодминливо со своите 44 години на траење, денес МТФ "Војдан Чернодрински" според мене со своето опстојување низ годиниве, оддамна ги има достигнато највисоките врвови на театарското творештво и признателно негување на уметноста на сцената.

Длабоко сум убеден дека во Република Македонија, се истражува, се открива, едноставно се создава театар кој не е омеѓен, туку отворен кон најсилните и најкреативни текови на европскиот и светскиот миг на театарското творештво. Мислам дека сите творци на театарската уместност во Македонија со голема истрајност и предаденост ја создаваат својата уметност,и оттаму сметам дека и актерскиот, но особено надоаѓачкиот бран на млад режисерки потенцијал се гаранција за идните признанија кои што, убеден сум се повеќе ќе доаѓаат на Балканот, попрецизно - во нашава земја. Па, покрај другото, како последна потврда - тука се "Тапани во ноќта" на матичната, прилепска сцена - долгодишниот и незаменлив домаќин на нашиов фестивал.

Објективно, јас, имам свој ограничен (во проследувањето на фестивалот) временски поглед, но убеден сум дека истото го мислат и најдоследните, најупорните и најпродуктивните имиња на македонската критика и театрологија. Но, не само љубовта на сите театарски творци од професионалните (но и алтернативните) театри - потврда дека се успеало, се можеби и најповеќе признанијата што доаѓаат од незаменливата прилепска театарска публика, којашто е неделив сегмент на МТФ.

Затоа, мислам дека Прилеп, покрај репрезентативната сцена/сала заслужува една прекрасна - немногу голема (нова или обновена) тетарска сцена, барем помеѓу големото име на својот театар и името на самиот МТФ - Војдан Чернодрински.

# АТМОСФЕРА . . .



Театарот не може без страст

Колегата Владимир Тулиев од Штипскиот театар ја покани колешката Наташа Наумоска да дојде да ја гледа неговата претстава "Глогов џбун". Според страсната покана веруваме дека Наташа немала причина да го одбие колегата.

## МОДЕРАТОР ИЛИ МОДЕН КРЕАТОР?!

Од некои присутни на Фестивалот, улогата на Братислав Димитров во трибината за авангардата во македонскиот театар, беше протолкувана авангардно . . . Тој бил моден креатор. Не е познато дали е свесен а тоа. Но авангардата, факт е, знае да внесе забуни и е тешко да се препознае на прв поглед.

Модератор или моден креатор - прашање е сега?!

# АТМОСФЕРА (2). . .



Весела забава со штипски **"Валкан експрес"**

Весело, разиграно, распеано беше синоќа во фестивалското бифе. Актерите, гостите на Фестивалот и прилепчани убаво се забавуваа со одличната свирка што ја приреди рок бендот "Валкан експрес" од Штип.

Момчињата, меѓу кои и еден наш колега, новинарот Илија Арев, навистина се погрижија на гостите да им понудат одлична забава до раните утрински часови. Веселите гости на "журката" велат: нема долго да заборавиме како "Валкан експрес" свират рок.



# ЌЕ ГЛЕДАТЕ

СРЕДА, 10.06.2009

***ЦК "Марко Цепенков" - 19.30 часот***

НУЦК "Антон Панов" - Театар Струмица

**"ПОСЛЕДНИОТ ДЕН НА МИСИРКОВ"** од Јордан Плевнеш

режија: Дејан Пројковски

***НТ "Војдан Чернодрински" - 22.00 часот***

Центар за култура "Марко Цепенков" -

Театар "Војдан Чернодрински" - Прилеп

**"ТАПАНИ ВО НОЌТА"** од Бертолд Брехт

режија: Мартин Кочовски

ЧЕТВРТОК, 11.06.2009

***ЦК "Марко Цепенков" - 20.00 часот***

СВЕЧЕНО ЗАТВОРАЊЕ

НУ Народен театар - Битола

**"ТЕСТОСТЕРОН"** од Ненад Витанов

режија: Анджеј Сарамонович

44. МАКЕДОНСКИ ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ
„ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ" – ПРИЛЕП

**Покровители:**
***Министерство за култура на Република Македонија***
***Собрание на Општина Прилеп***

**Собрание на МТФ:**
Сенко Велинов - Македонски народен театар - Скопје
Јордан Витанов - НТ Ј.Х.К. Џинот - Велес
Брано Ѓорчев - Драмски театар - Скопје
Бесфорт Идризи - Албански театар - Скопје
Трајче Кацаров - НУЦК "Ацо Шопов" - Театар Штип
Атила Клинче - НУ Турски театар - Скопје
Драган Маџиров - НУЦК "Антон Панов" - Театар Струмица
Сашо Огненовски - НУ Народен театар - Битола
Роберт Павлевски - ЦК "Трајко Прокопиев" - Театар Куманово
Кирил Ристоски - Факултет за драмски уметности - Скопје
Артан Скендери - Тетовски театар - Тетово
Љубомир Чадиковски - Театар за деца и млади - Скопје
Тони Чатлески - Центар за култура "Марко Цепенков" -
Театар "Војдан Чернодрински" - Прилеп

**Извршен одбор на МТФ:**
Сенко Велинов - Претседател
Бранко Ѓорчев - Член
Сашо Огненовски - Член
Роберт Павлевски - Член
Бесфорт Идризи - Член

**Уметнички директор:**
Петар Темелковски

**Жири комисија:**
Митко Маџунков - писател
Зијадин Муртезовски - актер
Иван Петрушевски - актер

**Секретар на МТФ:**
Стојан Дамчески

**Технички секретар:**
Љупчо Тодоровски

• • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • •

Билтен на 44. МТФ "ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ" - Прилеп
**За издавачот:** Петар Темелкоски
**Уредува - Редакција:** Елизабета Митреска, Каролина Мицевска, Светлана Ристеска, Каролина Дурло и Љупчо Мургоски
**Фотографии:** Елизабета Митреска, Светлана Ристеска и Каролина Мицевска.
Печати: "ТИРЕКС" - Прилеп

Македонски театарски фестивал
**"ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ" - ПРИЛЕП**
Центар за култура "Марко Цепенков"
7500 Прилеп
тел.: 048/401-630 или 425-520
факс: 048/401-631
E-mail: mtf_vc@t-home.mk
www.mtf.com.mk